**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на целосна контрола од страна на Вега ДОО Ваљево, Република Србија над ПЗУ Аптека БЕНУ Подгорица, Црна Гора, Фармегра д.о.о. Подгорица, Црна Гора, Феникс д.о.о. Бијељина, Република Српска, Босна и Херцеговина и Феникс Фарма ДООЕЛ Скопје, Република Северна Македонија,**

**(предмет бр. 08-55 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 05.03.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Вега ДОО Ваљево со регистрирано седиште на Др Боре Благојевича, бр.30 Ваљево, Србија ќе се стекне со целосна контрола над ПЗУ Аптека БЕНУ Подгорица со седиште на Критског одреда 4/1, Подгорица, Црна Гора, Фармегра д.о.о. Подгорица со седиште на Критског одреда 4/1, Подгорица, Црна Гора, Феникс д.о.о. Бијељина со седиште во Доња Љељенча 015Б, Љељенча Бијељина, Република Српска, Босна и Херцеговина и Феникс Фарма ДООЕЛ Скопје со седиште на Јадранска Магистрала, бр. 31 Скопје - Бутел, Северна Македонија, преку директно стекнување на 100% од уделите во друштвата.

-**ВЕГА ДОО ВАЉЕВО** со седиште на Др Боре Благојевича, бр. 30 Ваљево, Србија е веледрогерија која работи со увоз, набавка, складирање, продажба и дистрибуција на лекови, медицински помагала, диететски производи, козметика и производи за општа намена.

-**ПЗУ Аптека БЕНУ Подгорица** со седиште на Критског одреда 4/1, Подгорица, Црна Гора е приватна здравствена установа која врши трговија на мало со фармацевтски производи во специјализирани продавници – аптеки, малопродажни продавници кои продаваат лекови на мало на лековите на рецепт. Нивниот асортиман вклучува и лекови без рецепт, медицински помагала, додатоци во исхраната, козметика и артикли за општа намена.

-**Фармегра д.о.о. Подгорица** со седиште на Критског одреда 4/1, Подгорица, Црна Гора врши продажба на лекови и парафармацевтски производи од домашни и меѓународни производители.

-**Феникс д.о.о. Бијељина** со седиште во Доња Љељенча 015Б, Љељенча Бијељина, Република Српска, Босна и Херцеговина е веледрогерија која врши снабдување со лекови и други фармацевтски производи, на аптеки, болници и други здравствени установи.

-**Феникс Фарма ДООЕЛ Скопје** со седиште на Јадранска Магистрала, бр. 31 Скопје - Бутел, Северна Македонија е веледрогерија која врши трговија на големо со фармацевтски производи, вклучувајќи увоз, складирање, продажба и дистрибуција на лекови, медицински помагала и додатоци во исхраната од домашни и меѓународни производителите.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

06.03.2025 година

Скопје